# УПАТСТВО
## ЗА ПИШУВАЊЕ ДИПЛОМСКИ ТРУД НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ ВО СКОПЈЕ

- Проред: 1.5 pt
- Основниот текст да биде напишан во Times New Roman со македонска поддршка фонт 11 pt.
- Маргини: складно на А4.
- Секој нов пасус да почне со опција Tab.
- Текстот да се израмни на левата и десната страна –опција Justify.
- Двосложните зборови се пишуваат без растојание помеѓу зборот и цртичката ( на пример килтурно-историски), а ако се пишува правец или растојание помеѓу две места, тогаш се остава растојание (на пример: север – југ или Белград – Ниш – Скопје – Солун).
- Заградите секогаш се пишуваат покрај зборот без растојание (одвоеност) – на пример (патопис).
- Сите имиња, називи, топоними,... да се пишуваат на македонски како што се изговараат, а само кога прв пат ке се спомене, во заграда да се наведе оригиналот, на пример: Њу Јорк или Њујорк (New York), Тајм Сквер (Time Square)...
- Називите за слика, карта, скица, табела, графикон, да се пишуваат со италик, големина како за основен текст (11 pt), а изворот со истата големина (11 pt).
- Секоја слика, карта, скица, графикон, табела (ако не си ги правел/правела сам/сама) мораат да имаат извор (да се напишат со иста големина и да бидат во италик).
- Малите слики се ставаат напоредно со текстот, опција – frame, а можат и две слики една покрај друга. Ако и за двете слики изворот е ист, тој може да се наведе како заеднички на средината под двете слики (во заграда).
- Кај табелите називот задолжително оди над, а изворот под табелата (не во заграда).
- Називите на карти, слики, скици, графикони се пишуваат одозгора над сликата, а изворот под сликата во италик.
- Насловите за слики, графикони, скици, карти, табели почнуваат од лево и не треба да се центрираат.
- При изработувањето на линиски графикони, за некои временски низи, треба да се води сметка за тоа да на хоризонталната оска бидат еднакви растојанијата за ист временски период, односно не може периодот од 1950 до 1980 на графиконот да има иста долзина како периодот 1980-1990.
- Картата (и план) мора да има размер или размерник.
- Реченицата не може да почне со бројки.
- Неправилно е неколку реченици кои следуваат една по друга да почнуваат со исти зборови. Исто така неправилно е во една реченица да се повторува ист збор.
- После римски броеви не се става точка.

- Да не се пишуваат скратеници т.е. или итн. или год. туку цели зборови.
- Ако годината се наведува во заграда по неа не се става точка, на пример (1999), а во други ситуации зад годината се става точка, на пример: Втората светска војна започнала во 1939 година. Првата светка војна траела од 1914 до 1918 година. Кога кај годината се пишува од мора да има до (од 1950 до 1960).
- Во табелите или графиконите по наведената година исто така мора да има точка.
- Ако во заграда се пишуваат некои години кои означуваат непрекината временска низа тогаш тоа се прави со цртичка помеѓу, без точки помеѓу бројките и без растојание. На пример (1956-2006).
- Ознаките за мерните единици (километар, метар, хектар, целзиус...) се пишуваат на латиница (km, m, ha…)
- Насловите треба да бидат рангирани според обликот и големината на буквите ( и во текстот и во содржината не мора буквите да бидат со иста големина и во тексот и во содржината, но мора да биде ист обликот на буквите со кои се пишува насловот), а не со броеви (пред наслов од прв ранг може да стои римска бројка).
- Арапските броеви пред насловите од втор, трет или... не се потребни.
- Насловите од прв ранг одат на нова страна центрирани, а останатите од лево.
- Хедер и футер (Header and Footer) се пожелни.
- Кај децималните броеви (во сите ситуации) да се пишува запирка, а не точка како во англискиот јазик.
- Насловите се пишуваат во **bold** со поголем фонт (12 pt.) од текстот.
- По насловната страна следува содржина.
- По содржината вовед.
- По воведот текст (обработка) на дипломскиот труд.
- По текстот (обработката) на дипломскиот труд следува наведување на користени материјали за изработка на трудот:
  - книги;
  - статии;
  - интернет страни и сл.
- На крај следува попис на формули, слики и графикони.